Број 12 Година X

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на станбени објекти во ДУП Северен дел од локалитет на Касарната „Илинден“**

1. Се објавува Одлуката за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на станбени објекти во ДУП Северен дел од локалитет на Касарната „Илинден“, донесена на триесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 септември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6491/1**
**Датум: 03.09.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 59 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15 и 129/15), Советот на Општина Карпош, на триесет и деветтата седница, одржана на 02 септември 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на станбени објекти во ДУП Северен дел од локалитет на Касарната „Илинден“**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште, помеѓу Општина Карпош и Министерството за одбрана, за изградба на станбени објекти на Г.П. 7.1, Г.П. 7.2 и Г.П. 7.3 во ДУП Северен дел од локалитетот на Касарната „Илинден“, да се уреди на следниот начин:

- Првата уплата во висина од 30% од вкупниот износ по пресметката за делот од 40% за Општина Карпош да се изврши пред склучување на договорот и
- Остатокот од износот да биде на 23 еднакви месечни рати.

**Член 2**

Плаќањето на ратите од член 1, став 1 алинеја 2 на оваа одлука да се обезбеди со клаузула за извршност во договорот за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште.
Трошоците за солемнизирање на договорот, да бидат на товар на Министерството за одбрана.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6338/2**
**Датум: 02.09.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година, донесена на триесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 септември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6491/2**
**Датум: 03.09.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесе и деветтата седница, одржана на 02 септември 2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година**

Во програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.18/2014, 10/2015 и 11/2015) се врши изменување и дополнување, така што:

I. Во оддел II Проектни активности, по точката 17 се додава нова точка 18, која гласи:

| **18.** | **Креативен центар „Карпош“**<br>**Реализатор: Општина Карпош** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Формирање на Креативен центар „Карпош“ кој би се состоел од 10 организациони единици, односно по една во секое основно училиште чиј основач е општина Карпош и тоа:<br>1. Ученички истражувачки центар<br>2. Уметнички центар за млади<br>3. Мини астролошка опсерваторија<br>4. Детска ботаничка градина<br>5. Ученички пластеник за здрава храна<br>6. Дом за животни<br>7. Мини – погон за рециклажа<br>8. Ученичка еколошка станица<br>9. Детски центар за ракотворби<br>10. Мини метеоролошка станица |
| **Стратешки насоки и цели:** | - Унапредување на практичната настава во основните училишта на територија на општина Карпош<br>- Реализација на дел од редовната настава во училиштата<br>- Создавање услови за развој на воннаставните активности на учениците |

| | |
|---|---|
| | - Откривање, следење и развој на надарени ученици за занимавање со истражување, уметност и бизнис<br>- Развој на одговорност кај учениците за водење грижа за набавената опрема, инвентар и живите организми<br>- Воспоставување на меѓучилишна соработка помеѓу училиштата на територија на општина Карпош<br>- Придонес во професионалната ориентација на учениците од општина Карпош<br>- Обезбедување услови за ангажирање на мотивиран наставен кадар<br>- Развивање на меѓународна соработка со соодветни центри за работа со надарени млади<br>- Влегување во соодветни мрежи и асоцијации за извонредност на млади (network of youth excellence)<br>- Следење на соодветна литература наменета за ученици за потребите на одделните единици |
| **Очекувани резултати:** | Со реализацијата на овој проект може да се очекува унапредување на образовните услуги за учениците од општина Карпош преку: зајакнување на практичната настава, унапредување на воннаставните активности, подобра соработка со бизнис секторот и јавните установи со училиштата, развивање на креативноста кај учениците, унапредување на соработка меѓу училиштата, вклучување на креативни наставници во работата на центарот, поддршка за талентирани ученици, развивање на меѓународна соработка во работата со младите и т.н. |
| **Целна група:** | - Ученици од предметна настава во основните училишта на територија на општина Карпош<br>- Наставници од училишта чиј основач е општина Карпош<br>- Родители на ученици<br>- Бизнис заедница<br>- Јавни установи (музеи, театри, зоолошка градина, кинотека, институти, факултети и др.) |

| | |
|---|---|
| **Предвидена финансиска рамка:** | **2.000.000,00 денари** |
| **Трошоци** | - уредување на простор за организационите единици кои би биле во училишните дворови<br>- санација и преградување на простории за организационите единици кои би биле во училишните објекти<br>- набавка на опрема за организационите единици<br>- хонорари за ментори<br>- ангажман на технички координатор на проектот |

II. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година во оддел III ФИНАНСИРАЊЕ во ставот 1, по зборовите во износ од, износот 9.250.000,00 денари се брише и заменува со износот 11.250.000,00 денари

III. Оваа Програма влегува во сила со наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 08-6338/3**
**Датум: 02.09.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013 и 15/2014), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Решението за давање согласност на Статутот на Приватна детска градинка „Интернешнал Кидс Академи (International Kids Academy)“ – Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на Приватната детска градинка „Интернешнал Кидс Академи (International Kids Academy)“ - Скопје, донесено на триесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 септември 2015 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 10-6491/3**
**Датум: 03.09.2015 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15) и членовите 190, 191, 192 и 193 од Деловникот на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 03/2006), Советот на Општина Карпош, на триесет и деветтата седница, одржана на 02 септември 2015 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на Приватна детска градинка „Интернешнал Кидс Академи (International Kids Academy)“ – Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на Приватната детска градинка „Интернешнал Кидс Академи (International Kids Academy)“ – Скопје, донесен од основачот Елена Нововиќ.

2. Решението да се достави до Приватната детска градинка „Интернешнал Кидс Академи (International Kids Academy)“ – Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 08-6338/4**
**Датум: 02.09.2015 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за регулирање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на станбени објекти во ДУП Северен дел од локалитет на Касарната „Илинден“, со Решение за објава
2. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2015 година, со Решение за објава и
3. Решение за давање согласнсот на Статутот на Приватната детска градинка „Интернешнал Кидс Академи (International Kids Academy)„ – Скопје., со Решенеи за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**